РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
СКОПЈЕ/SHKUP

| Примено/E pranuar 27.01.2020 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Единица Nj. organizative | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 12 | 55/2 | 0 | |

27.01.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр.09-101/2
23-01-2020 .2020 година
Скопје

**До**
**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**ул.„Даме Груев" бр.12, Палата „23 октомври"**
**1000 Скопје**

**Предмет: Мислење**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање мислење „кои податоци се сметаат за лични податоци и на кој начин економските оператори да ги заштитат личните податоци на нивните вработени/ангажирани лица доколку истите се бараат за утврдување на нивната способност или како критериум за евалуација на понудата", Дирекцијата за заштита на личните податоци во рамките на своите законски надлежности го дава следното мислење:

Согласно член 2 точки 1 и 10 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
"Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.
"Посебни категории на лични податоци" се лични податоци кои го откриваат расното или етничко потекло, политичко, верско, филозофско или друго уверување, членството во синдикална организација и податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето, вклучувајќи ги и генетските податоци, биометриски податоци или податоци кои се однесуваат на сексуалниот живот.

Според член 5 став 1 од овој закон, личните податоци се обработуваат правично и во согласност со закон, собираат за конкретни јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели и се соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат, точни, целосни и каде што е потребно ажурирани, при што ќе се преземат сите соодветни мерки за бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле собрани или обработени и чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка. Во став 4 на овој член е утврдено дека за квалитетот на личните податоци согласно со ставот 1 на овој член е одговорен контролорот.

бул.„Гоце Делчев" бр. 18,
П.фах 417, 1000 Скопје
Тел.: ++ 389 2 3230 635
www.dzlp.mk • e-mail: info@privacy.mk

[1] 12-55/2 [2020]

Понатаму, согласно член 8 став 1 од овој закон, забранета е обработка на посебните категории на лични податоци.

Врз основа на горенаведената правна рамка, личен податок е секој податок кој идентификува или е индикатор врз основа на кој би можел да се идентификува конкретно физичко лице - субјект на лични податоци и тие податоци треба да се обработуваат правично и во согласност со закон и притоа треба да се применуваат соодветни технички и организациски мерки зависно од природата на личните податоци кои се обработуваат, а кои мерки ќе обезбедат соодветен степен на нивна заштита.

Оттука, економските оператори при доставување документи за утврдување на нивната способност или како критериуми при евалуација на понудата, имајќи предвид дека тие во својство на контролор се одговорни за квалитетот на личните податоци во конкретниот случај за личните податоци на вработените/ангажирани лица, треба да ги доставуваат личните податоци само во оној обем кој е неопходен за исполнување на целта односно во функција на исполнување на целта, а доколку документот кој треба да го достават содржи повеќе категории на лични податоци, тогаш во однос на тие категории на лични податоци кои не се неопходни, економските оператори треба да преземат соодветни мерки истите да не бидат непотребно видливи т.е. истите да ги анонимизираат.

Притоа Ви посочуваме дека ќе треба да ги информирате и договорните органи во тендерските документации да не бараат приложување на докази како на пример М1/М2 образец како доказ за вработено лице, туку приложување на потврда од надлежен орган, имајќи предвид дека образецот М1/М2 содржи и посебни категории на податоци, кои податоци не се соодветни, релевантни и се преобемни во однос на целта заради која се собираат и обработуваат од страна на договорниот орган, односно за докажување на техничка и професионална способност на понудувачот, а во насока на усогласување со одредбите од член 5 став 1 од Законот за заштита на личните податоци и на тој начин и од страна на договорните органи непосредно да се придонесе кон заштита на обработката на личните податоци на субјектите на личните податоци.

**Директор,**
**Imer Aliu**

**Изработил:** С.Н.
**Одобрил:** Ј.Ѓ.А.

бул.„Гоце Делчев" бр. 18,
П.фах 417, 1000 Скопје
Тел.: ++ 389 2 3230 635
www.dzlp.mk • e-mail: info@privacy.mk